**ДО**

Јавен обвинител на РСМ Љупчо Коцевски

Претседател на Советот на јавни обвинители Душица Димитриевска

Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје Гаврил Бубевски

**ПРЕДМЕТ :** Барање за преземање итни мерки во врска со постапувањето на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи и Барање за преземање мерки за нас долупотпишаните како вработени во јавнообвинителскиот систем, во врска со работниот процес и личната безбедност.

**ОД :** Валентина Калиновска – јавнообвинителски записничар

Даниела Лапе – помлад јавнообвинителски референт

Ружица Јосифова – помлад јавнообвинителски референт

Жаклина Никодиновска - јавнообвинителски записничар

Ружица Слезенковска – стручен соработник во ОЈО Скопје, претходно вработена во ВЈО Скопје

Почитуван јавен обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски, почитувана претседателке на Советот на јавни обвинители на РСМ г-ѓа Душица Димитриевска, почитуван основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје г-дин Гаврил Бубевски,

Како долгогодишни вработени во Вишото јавно обвинителство Скопје, кои во континуитет ја извршувале работата чесно, законито и со максимално почитување на надредените, за што впрочем зборуваат и нашите позитивни годишни оценки како и одличната соработка со претходните Виши јавни обвинители на ВЈО Скопје, сме доведени во ситуација да не можеме да ги издржиме притисокот, заканите и омаловажувањата кои подолг временски период (последниве 3 години) ни се прават од страна на актуелниот Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи.

Почитувани, се си има своја граница, така е и со нашето трпение и трпење.

Со оглед дека се работи за повеќе дејствија кои што опфаќаат не само закани, притисоци и омаловажување туку и изјави-дејствија по кои се врши дискриминација по однос на родова и етничка припадност.

Капката која ја прели чашата беше случката од минатиот петок, кога обвинителот повторно не повика во неговата канцеларија, видно налутен и без да ни даде можност да објасниме зошто всушност предметот не е однесен во пошта (иако истиот беше спремен уште во моментот кога ни беше доставен од страна на јавниот обвинител, меѓутоа тетратката со која предметите се носат во пошта не беше донесена од страна на доставувачот), повторно започна да ни упатува закани како и многу пати до сега како што е и наведено подоле.

Со оглед дека во воведниот дел упативме на повеќе дејствија кои заслужуваат Ваша итна и сериозна реакција во овој поднесок во кратки црти, а со надеж дека во најбрз можен рок ќе бидеме повикани да ги образложиме подетално сите наводи, ве известуваме за следново:

Нечовечко и понижувачко постапување кое вклучува навреди и закани од типот "Ќе те фрлам од 6-ти спрат", "Жими гробот на татко ми ќе те избркам од работа", "Жими Бога ќе летате од работа, јас бркам обвинители а не па вас", "Ќе те пратам во притвор', "Ќе бидеш ставена на ПИМ мерки", "Вие не знаете со кого си имате работа", "Ќе те симнам во подрум, знаеш какви услови има таму", "Се колнам во децата дека ќе ве избркам", "Јас кога можев обвинител да избркам и знаете и двајца други вработени што останува за вас", "Жими Бога ви кажувам дека сите до еден ќе ве избркам", "Вие не знаете да си ја работите работата, немојте да мислите дека ако сте блиски со одредена обвинителка дека не доаѓаат да ми кажуваат, знам се што правите", "Знаете колку е тешко да се најде работа во денешно време"(а сите сте свесни дека преживуваме со плата од 23.000,00 денари ). Можеме да кажеме дека чувствуваме и страв заедно да ја користиме паузата која законски ни следува која и ретко ја користиме надвор од зградта на ЈО , па заедно како колеги пиеме кафе во писарницата, но очигледно е дека на јавниот обвинител и тоа му смета со оглед на фактот дека во повеќе наврати истото ни го потенцира.

Исто така во неколку наврати ни беа упатувани националистички закани од типот "Кога можев да избркам двајца вработени (кои се од албанска национална припадност) од Вишото обвинителство што останува за вас (а сите ние сме од македонска национална припадност)' и "Знаете што се случи и со обвинителот, затоа берете памет што правите'. Пред да конкурира за втор мандат како Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје истиот кажа дека тогашната секретарка "Му го грдела обвинителството ' и дека дошло време да се разубави истото.

Воедно сакаме да укажеме и на една случка која се случи пред околу 2 години, во која нашата колешка Бистра Стојкова која веќе не е вработена во Вишото јавно обвинителство Скопје, моментално е вработена во Основното јавно обвинителство во Прилеп, која околу 3 месеци беше на боледување поради викањето и заканите кои и беа упатувани од страна на Вишиот јавен обвинител.

Во текот на минатата година, пред обвинителот Мустафа да покрене дисциплинска постапка против обвинителите Сашо Рајчев и Фатиме Фетаи, (веројатно за да покаже колкава моќ има), кажа дека има докази за двајцата погоренаведени обвинители дека соработувале со Маријан Доказ и пишувале против него, со зборовите "двајца обвинители нарачувале текстови за мене, тоа се обвинителите Сашо и Фатиме, обвинителот Сашо Рајчев ќе го избркам од работа до крајот на септември месец, а обвинителката Фатиме Фетаи до крајот на декември месеци", "Мојата жена и моите деца читаат секакви работи за мене поради тоа што тие порачувале текстови и давале пари за истите".

Како работници кои што чесно и законито ја вршат својата работа мораме и да укажеме на моментот дека токму тој што треба да се грижи за угледот на институцијата со која раководи шири невистинити работи кои значително влијаат на угледот и на вработените но и на институцијата. Од повеќе места имаме слушнато дека шири лаги за наводно корумптивно и незаконито однесување на дел од вработените, како што е на пример изјавата негова "Руже продава предмети за 500 денари" која ја има спомнато пред други луѓе. Во повеќе наврати исто така бевме повикани од страна на јавнит обвинител каде ни беше кажано дека ние како вработени во писарницата издаваме информации на адвокати и трети лица, иако да бидеме искрени такво нешто од наша страна никогаш не било направено. Ова до толку повеќе ни даде за право да кажеме а воедно и докажеме дека воопшто не е така како што тој изјавува. Доколку било што од наведеното било точно, истиот како раководител на институцијата требало да преземе законски мерки.

Стравот од ваквите закани претставуваше и причина досега да не се обратиме до надлежните институции, меѓутоа видовме дека неговото нечовечно однесување кон нас не се менува, туку очигледно го засилува во таа насока, затоа во надеж дека Вие како надлежни институции конечно ќе преземете соодветни мерки за негово санкционирање и наша заштита. Во таа насока а со оглед на тоа дека и самите сме свесни дека јавното обвинителство претставува орган кој ги гони сторителите на кривични дела а не ги заштитува, а и фактот за нискиот процент на доверба во правосудството, ни даде за право да олучиме да се изјасниме по однос на овие наводи истакнати во нашето барање, па доколку одлучите да преземете мерки наша молба е

да бидеме повикани заедно. Бидејќи, колешката Ружица Слезенковска не е повеќе вработена во ВЈО Скопје, сега работи како стручен соработник во ОЈО Скопје, а со оглед да истата претходно го водеше уписникот РО а и воедно јавниот обвинител соработуваше и со неа, потребно ќе биде и таа да биде повикана заедно со нас, за да секој од нас посебно се изјасни по однос на наводите и заканите

**Доколку не сте во можност да не заштитите, а во контекст на претходно наведените закани од негова страна, подобро е да не преземате никакви мерки по однос на горенаведените истакнати наводи, за да не ни направите дополнителна штета.**

Подносители :

Валентина Калиновска

Даниела Лапе

Ружица Јосифова

Жаклина Никодиновска

Ружица Слезенковска

Имајќи ги предвид законските заложби на новата Влада на РСМ за промени во областа на правосудството, секако во позитивна насока, Ве известуваме дека примерок од писмото ќе биде доставено и до Претседателот на Владата на РСМ – г-дин Христијан Мицковски.

Скопје, 19.07.2024 година